11:39

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 27-та седница одржана на 15.07.2020 година, во врска со Предлогот бр.03-2921/1 од 14.07.2020 година за покренување прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-2919/1 од 14.07.2020 година и утврди прекршување на Изборен законик.

2. Советот заклучи против Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, наведениот радиодифузер на 13 и на 14 јули 2020 година во неколку дневноинформативни изданија емитуваше прилози поврзани со состојбата со корона вирусот во нашата земја и со активностите на здравствените власти против пандемијата со Ковид 19, во кои има изјави од министерот за здравство Венко Филипче. Изјавите во сите прилози се предадени како директно обраќање на министерот.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-2892/2**

**15.07.2020 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**